БИЗНИС | 28. ОКТОМВРИ 2013 - 20:07

# Тутунопроизводителите задоволни и од цената и од откупот и субвенциите

+1 0 Tweet 0 Препорачано 1




На само неколку дена пред завршувањето на раниот откуп на тутунот од годинашанава реколта, спакуван во картонска амбалажа, првичните информации говорат дека заради исклучително топлото време откупените количини, годинава се двојно помали во однос на минатата година, но, затоа, пак, постигната е повисока просечна откупна цена.Досега, тутунарите особено се задоволни од субвенционирањето.

Во тутунски Прилеп, денеска беше одбележан и Светскиот ден на тутунот, при што десетина најуспешни тутунопроизводители од целава земја беа и пригодно наградени.

Според познавачите, поголем интерес кај тутунарите за предавање на годинашниот род се очекува од 15 ноември, кога започнува предвремениот откуп на тутунот, односно месец дена пред редовниот.Очекувањата се дека годинава, согласно квалитетот на тутунот, просечните откупни цени да бидат повисоки од ланските.

***Каролина Дурло***

▸ Бизнис

Продлабочување на соработката меѓу македонските и хрватските компании
29. октомври 2013 - 17:16



Можностите за инвестирање на компаниите од Осијек во Македонија и обратно од Македонија во Осијек...

ССМ поддржува продолжување на породилното
29. октомври 2013 - 15:43



Можноста мајката да го продолжи породилното боледување со три месеци неплатено отсуство, за која...

Надзорна расправа за искористеноста на ИПАРД средствата
29. октомври 2013 - 15:18



Македонија не без причина доби позитивни оценки во Извештајот за напредокот на државата за 2013...

Ставрески: Македонија по четврти пат меѓу топ 10 реформатори во светот
29. октомври 2013 - 15:17



Владата е задоволна од најновото рангирање на Македонија меѓу 10 топ реформатори во светот во...

Комерцијална банка подарува 5.000 денари и касички верверичка
29. октомври 2013 - 15:11



По повод Светскиот ден на штедењето – 31 октомври, Комерцијална банка АД Скопје ќе им отвори штедни...

Ќе се бара најповолното решение за вработените во ОХИС
29. октомври 2013 - 15:08



Вицепремиерот и министер за финансии Зоран

ФАКТОР
коментарите се слободни, фактите се свети

KD Кеш Депозит
Отворен инвестициски фонд

исламски оберсници   Пред 2 часа - Добри денови за продажбите на мало во САД   Пред 2 часа - Турција доби тунел под Босфорот

ЕКОНОМИЈА ФИНАНСИИ ИНФРАСТРУКТУРА АГРОБИЗНИС АНАЛИЗА МОИ ПАРИ БАЛКАН ШТО МИСЛИ СВЕТОТ СТИЛ ИНВЕСТИЦИИ

# Тутунопроизводството има иднина – Ориенталните типови тутун од Македонија се барани на светските берзи

28/10/2012 // Пред 1 ден // МОИ ПАРИ // Коментирај



На плоштадот „Александрија“ во центарот на Прилеп, денеска, со изложување на тутун од повеќе производствени региони во земјава, беше одбележан Светскиот ден на тутунот.

Манифестацијата која, според организаторите, треба да стане традиционална, ја востанови Сојузот на тутунските здруженија на Македонија.

Данчо Милески, претседател на Сојузот на тутунските здруженија, посочи дека ориенталните типови тутун што се произведуваат во Македонија се барани на светските берзи.

- Има иднина на тутунопроизводството во земјава. На светскиот пазар има потреба од ориентални тутуни. Од овој собир испраќаме апел до државата која го субвенционира производството да продолжи да ја поддржува оваа индустриска гранка, наспроти настојувањата на Светската здравствена организација да се намали производството во светот. Кај нас се произведуваат тутуни без адитиви и тука е нашата шанса за развој на тутунопроизводството кое има традиција од пет века, веднаш штом е донесен во Европа и од тогашната Отоманска империја на македонските простори, изјави Милески.

Од тутунот егзистираат од 200.000 до 250.000 жители, а со откупувачите се склучени 42.000 договори.

На денешната манифестација Светски ден на тутунот се прогласени и најдобрите производители. Првонаграден е Гоце Петкоски од Прилеп кој произведува висококвалитетен ориентален тутун од типот „Прилеп“ и постигнува откупна цена од 210 денари за килограм, второнаградени се од здружението „Тутунoберачите“ од општина Могила, а третонаграден е тутунопроизводителот Зоран Јанев од село Сушево, општина Василево, кој произведува ориентален тутун од типот „Јака“.

Share 1 Like 1 Tweet 1 +1 0 Share

KEEP AN EYE огласи
mojtoner.mk - КОГА ТИ ТРЕБА ТОНЕР
Најефтини тонери, кертриџи и рибони во Македонија! Бесплатна достава!
Keepaneye.mk
Дознајте како до бесплатна реклама
Обука за филмски техничари
Универзитетот ЕСРА и Војана Филм со обуки за филмски техничари во 10 области
Допрете до вистинските луѓе, на вистинското место
Рекламирајте се на Кееp an eye

Поврзани постови









# Во Прилеп одбележан Светскиот ден на тутунот

Објавено: 14:13, 28/10/2013 Прегледано: 91 пати.

Like 44,882 people like this. Be the first of your friends.



Like 2 Tweet 0 +1 0 Share 1

Со напожување тутун од повеќе производствени региони во земјава, на плоштадот „Александрија" во центарот на Прилеп пра пат денеска е одбележан Светскиот ден на тутунот.

Манифестацијата која, според организаторите, треба да стане традиционална, ја востанови Сојузот на тутунските здруженија на Македонија.

Како што вели Данчо Милески, претседател на Сојузот на тутунските здруженија, ориенталните типови тутун што се произведуваат во Македонија се барани на светските берзи.

*- Има иднина на тутунопроизводството во земјава. На светскиот пазар има потреба од ориентални тутуни. Од овој собир упатуваме апел до државата која го субвенционира производството да продолжи да ја поддржува оваа индустриска гранка, наспроти настојувањата на Светската здравствена организација да се намали производството во светот. Кај нас се произведуваат тутуни без адитиви и тука е нашата шанса за развој на тутунопроизводството кое има традиција од пет века, веднаш штом е донесен во Европа и од тогашната Отоманска империја на македонските простори, изјави Милески.*

Од тутунот егзистираат од 200.000 до 250.000 жители, а со откупувачите се склучени 42.000 договори.

*- Од производството може да се живее. Субвенциите се сигурни, ќе видиме како ќе се одвива откупот, вели Зоран Петров до струмичкото село Сушица.*
*Раководителот на Подрачната единица на Министерството за земјоделство Коста Дурланов смета дека тутунопроизводството ќе се заголемува, додека според Институтот за тутун, одлична е иднината на производството во земјава. – Нашите ориентални тутуни се барани во светот и опстанокот на оваа култура е загарантиран, вели професорот Мирослав Димитриески.*

На денешната манифестација Светски ден на тутунот се прогласени и најдобрите производители. Првонаграден е Гоце Петкоски од Прилеп кој произведува висококвалитетен ориентален тутун од типот „Прилеп" и постигнува откупна цена од 210 денари за килограм, второнаградени се од здружението „Тутунoберачите" од општина Могила, а третонаграден е тутунопроизводителот Зоран Јанев од село Сушево, општина Василево, кој произведува ориентален тутун од типот „Јака".

Забрането е копирање и преобјавување на содржини објавени на А1он, делумно или во целост, без писмено одобрение од редакцијата.

## Поврзани вести:

ПРЕБАРУВАЈ
Search...









